КЛИРИНШКА КУЌА
КЛИРИНШКИ
ИНТЕРБАНКАРСКИ
СИСТЕМИ АД, СКОПЈЕ

Бр. 0302-235/1
Скопје, 09.07.2018

**До**

**Министерство за информатичко општество и администрација**

**Предмет:** Коментар по предлог Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги

Убаво е што по повеќе од 3 години од донесувањето на европската регулатива број 910/2014 се подготви текст како предлог закон со кој Република Македонија се приклучува кон тековите на дигиталната трансформација. Предлог законот во соодветна мерка ги отсликува барањата на регулативата (EU) 910/2014 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 23 July 2014 on electronic identification and trust services for electronic transactions in the internal market (позната како eIDAS).

Сепак текстот содржи и работи кои не се во согласност со eIDAS, особено во поглед на електронската идентификација, регистрацијата на даватели на доверливи услуги, складирање на електронски документи, елементи на транзиција од сеуште важечкиот Закон за податоци во електронски облик и електронски потпис во закон кој треба да биде одраз на она што се случува во ЕУ во секој поглед и да го следи во секој поглед. Дополнително во предлог законот се поместени работи кои се поврзани со електронски документи чие место на регулирање, во најголем дел, треба да е во делот на некои други закони (можеби тука спаѓаат законот за нотаријат или други ентитети кои имаат јавни овластувања). Преминот од хартиен документ во електронски документ или обратно не може да биде „верно на оригиналот" ако човечки фактор одлучува за истото. Во оваа област постојат технички и технолошки стандарди кои мора да обезбедат уверување во „верноста на оригиналот" и негова можност за долготрајно чување (архивирање).

Треба да се нагласи дека eIDAS дефинира две издвоени работи: електронска идентификација (eID) и електронски доверливи услуги (eTS). Поаѓајќи од дефинициите па следејќи го целиот текст на предлог законот постои одредена несреденост, конфузија и потешкотија на следливост.

Електронската идентификација предвидува создавање на т.н. шеми за електронска идентификација. Шемите можат да бидат регистрирани или не во рамките на државата со различно ниво на сигурност. Во таа насока ставањето на одредена шема во рамките на закон (на пример: регистар на население) наместо да се прифати и постави од регулаторното тело не е добра пракса. Во државава многу одамна постојат и други регистри од кои можат да произлезат шеми кои во моментов се со поголемо ниво на сигурност. Сите шеми кои треба да бидат регистрирани треба да поминат одредена процедура на сертификација од страна на регулаторното тело.

eIDAS дефинира точно множество на доверливи услуги (независно дали се квалификувани или не). Издавањето на средство за електронска идентификација не е доверлива услуга. Исто така, согласно eIDAS, не е доверлива услуга и архивирањето на електронски документи. Генерално

бул. Кузман Јосифовски - Питу бр. 1
1000, Скопје, Република Македонија
+389 23297 400, +389 25513 400
kibs@kibs.mk
www.kibs.mk

ISO 9001, 20000-1, 22301, 27001
сертифицирана компанија

давањето доверливи услуги е опфатено во множество на ETSI стандарди поврзани со eIDAS регулативата.

Со eIDAS е предвидено да постои Листа на даватели на квалификувани доверливи услуги, која ја објавува земјата членка на ЕУ или земјата во која се носи закон со кој се цели приближување кон ЕУ и нема потреба Давателите на доверливи услуги да се регистрираат. Иако Република Македонија сеуште не членка на ЕУ потребно е да се придржуваме кон регулативата и соодветно да се преиспитаат ставовите по овие прашања наведени во предлог законот.

Предлог законот не го обработува транзицискиот период во кој важел закон базиран на директива на ЕУ од 1999 година која не е во сила од 2016 година и влегувањето во сила на закон базиран на регулатива од 2014 година. Исто така нема информација во предлог законот дали истиот ќе има третман како и тековниот закон – Lex specialis.

Воедно новиот закон мора да биде задолжителен за сите правни субјекти кои се појавуваат како даватели на било какви доверливи услуги и тоа јасно треба да биде пропишано, во спротивно се губи секаква поента на овој Закон. Така во моментот на пазарот се присутни субјекти кои даваат некакви услуги, а без притоа да бидат регистрирани и со тоа без да ги исполнуваат условите кои се задолжителни согласно тековниот закон, што преставува не само вешто искористување на недореченостите во тековниот закон, нелојална конкуренција и пред се реална и сериозна закана за огромни штети.

Потребно е и законот да предвиди јасно дефинирање на опсегот на услугите кои ги дава секој давател на доверливи услуги, што ќе обезбеди транспарентност и сигурност.

Иако на државава и треба што поскоро донесувањето на овој закон сепак тоа не треба да биде преку ноќ и ќе треба малку повеќе време од времето дадено за коментирање на предлог Законот за да се дојде до спроведлив закон. Предвиденото време на примена на законот го дозволува тоа, а во време на летни одмори реално ќе биде активностите по прибирање коментари по законот да продолжат до крајот на месец август оваа година.

Директор на дирекција



Марин Пиперкоски